ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302 - 118/2
Дата, Data 04-01-2024
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на чл.48 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22), чл.2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Службен Весник бр. 11/2015 и 35/18), Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и Канализација - Скопје арх.бр. 0302-14317/1 од 22.11.2018 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-10350/2 од 29.07.2019 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-12366/1 од 18.09.2019 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-13130/1 од 04.10.2019 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-13697/1 од 15.10.2019 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-758/1 од 24.01.2020 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-761/1 од 21.01.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-761/2 од 09.02.2021 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-862/1 од 04.02.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-4138/1 од 21.04.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-12709/1 од 28.12.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-862/1 од 04.02.2022 година, Директорот на ЈП Водовод и канализација - Скопје објавува

## ИНТЕРЕН ОГЛАС број 1/2024
## за пополнување на работни места на административен службеник со унапредување

1. **Раководител на Одделение за општи работи, во Одделение за општи работи, во Сектор Правни и општи работи, со шифра КДР0102Б04064, ниво Б04, 1 (еден извршител),**

   **Посебни услови:**

- **Стручни квалификации** - за ниво Б4 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен; (правни науки)

- **Работно искуство -** за нивото Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот.

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место преку архивата на ЈП Водовод и канализација - Скопје до Секторот за човечки ресурси и Одделението за јавни службеници на адреса ЈП Водовод и канализација - Скопје, ул. Лазар Личеноски бр.9 Скопје, како и до службената електронска адреса **kadrovo@vodovod-skopje.com.mk** со назнака "за интерен оглас".

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Директорот на ЈП Водовод и канализација - Скопје.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

ЈП Водовод и канализација – Скопје
Директор
М-р Драган Илиевски
_________________________